**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**Одделение за стратешко планирање**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

**јануари 2023 година**

Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2023 година е подготвен согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Македонија“ бр.124/08 и 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.233/19) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18).

Планот претставува операционализација на мерките и активностите од првата година, содржани во Стратешкиот план на Министерството за финансии 2023-2025 година, коишто во континуитет се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии и на Владата на Република Северна Македонија.

Во првиот дел е даден краток преглед на програмите и потпрограмите, нивните цели и поврзаноста со стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата за 2023 година, како и со приоритетите и целите на Министерството за финансии. Понатаму, програмите се разработени преку потпрограми за кои се дадени показателите на успешност, конкретните активности, временската рамка, финансиските средства и организациските облици.

Во вториот дел од Годишниот план е даден Преглед на иницијативите на Министерството за финансии содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, а во третиот дел се претставени мерките и активностите што произлегуваат од работата на Министерството за финансии, односно мерките што не се составен дел на Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2023-2025 година.

Со силна посветеност на вработените во нашата институција подготвени сме успешно да го реализираме овој План и со тоа да придонесеме кон остварувањето на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата, препознатлива по ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и отчетноста во спроведувањето на нејзините политики.

**Скопје,**
**јануари 2023 година**

**Министерство за финансии**
**Министер**
**Dr. Fatmir Besimi**

# СОДРЖИНА

**1. ВОВЕД** ........ 5
**1.1 МИСИЈА** ........ 5
**1.2 ВИЗИЈА** ........ 5
**1.3 ПРОГРАМИ** ........ 6
**2. ПЛАН ЗА РАБОТА** ........ 9
**А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа** ........ 9
**2.1 ПРОГРАМА: Администрација и поддршка** ........ 9
2.1.1 ПОТПРОГРАМА: Правни работи ........ 10
2.1.2 ПОТПРОГРАМА: Општи работи ........ 10
2.1.3 ПОТПРОГРАМА: Човечки ресурси ........ 11
2.1.4 ПОТПРОГРАМА: Финансиски прашања ........ 11
2.1.5 ПОТПРОГРАМА: Внатрешна ревизија ........ 12
2.1.6 ПОТПРОГРАМА: ИТ технологија и дигитализација ........ 13
2.1.7 ПОТПРОГРАМА: Стратешко планирање ........ 14
2.1.8 ПОТПРОГРАМА: Академија за јавни финансии ........ 16
**2.2 ПРОГРАМА: Економска политика и развој** ........ 17
2.2.1 ПОТПРОГРАМА: Макроекономски политики ........ 18
2.2.2 ПОТПРОГРАМА: Развојни проекти ........ 21
2.2.3 ПОТПРОГРАМА: Економски форум ........ 22
2.2.4 ПОТПРОГРАМА: Унапредување на фискалната децентрализација ........ 23
2.2.5 ПОТПРОГРАМА: Ефективни инструменти согласно планот за забрзан економски раст ........ 25
**2.3 ПРОГРАМА: Буџет, трезор и јавен долг** ........ 26
2.3.1 ПОТПРОГРАМА: Буџети и фондови ........ 27
2.3.2 ПОТПРОГРАМА: Трезор ........ 29
2.3.3 ПОТПРОГРАМА: Управување со јавен долг ........ 32
**2.4 ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика** ........ 33
2.4.1 ПОТПРОГРАМА: Политика за јавни приходи од акцизи ........ 34
2.4.2 ПОТПРОГРАМА: Даночна политика ........ 35
2.4.3 ПОТПРОГРАМА: Царинска политика ........ 37
**2.5 ПРОГРАМА: Финансиски систем** ........ 38
2.5.1 ПОТПРОГРАМА: Банкарски и небанкарски институции ........ 39
2.5.2 ПОТПРОГРАМА: Пазар на капитал ........ 41
2.5.3 ПОТПРОГРАМА: Сметководствен систем, платен промет и ревизија ........ 42
2.5.4 ПОТПРОГРАМА: Игри на среќа и забавни игри ........ 44
2.5.5 ПОТПРОГРАМА: Систем на осигурување и реосигурување ........ 45
**2.6 ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија** ........ 46

2.6.1 ПОТПРОГРАМА: Управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА ..... 48

2.6.2 ПОТПРОГРАМА: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) ..... 50

2.6.3 ПОТПРОГРАМА: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција ..... 52

2.6.4 ПОТПРОГРАМА: Меѓународни финансиски односи ..... 54

2.6.5 ПОТПРОГРАМА: Управување со јавни инвестиции ..... 56

**2.7 ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор ..... 57**

2.7.1 ПОТПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола ..... 58

2.7.2 ПОТПРОГРАМА: Финансиска инспекција во јавниот сектор ..... 59

**2.8 ПРОГРАМА: Управување со државни средства ..... 62**

2.8.1 ПОТПРОГРАМА: Нормативно имотно правни и облигациони работи ..... 63

2.8.2 ПОТПРОГРАМА: Наплата на побарувања од должниците ..... 64

**Б. Иницијативи на органот на државната управа утврдени во Годишната програма за работа на Владата за 2023 година ..... 66**

**В. Мерки и активности што произлегуваат од работата на органот на државната управа ..... 73**

# 1. ВОВЕД

Главната цел на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија, како и да креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем кој ќе стимулира фер и одржлив економски раст во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинира среднорочната фискална и макроекономска политика и Стратегијата за управување со јавен долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата доделени од Европската Унија и го координира исполнувањето на обврските што произлегуваат од програмата НПАА и другите стратешки документи за европска интеграција.

Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано/ индиректно управување со средствата од ЕУ - ИПА (Надлежен координатор за акредитација за ИПА 1, Национален координатор за авторизација и Програмски службеник за авторизација (ИПА 1)/раководител на оперативната структура), коишто ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпристапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата што произлегуваат од договорите склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија. Исто така, воспоставено е Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средствата - АФКОС во рамките на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства, со цел ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси преку подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, јавната внатрешна финансиска контрола, а се поврзани и со активности во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување перење пари и финансирање тероризам.

Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи, како органи во состав на Министерството за финансии.

## 1.1 МИСИЈА

Мисија на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 1.2 ВИЗИЈА

Визијата на Министерството за финансии е да спроведува континуирани реформи во доменот на јавните финансии, кои преку зајакнување на транспарентноста, инклузивноста и ефикасноста ќе

придонесат во градењето функционална пазарна економија и постигнување забрзан, инклузивен и одржлив развој.

## 1.3 ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа е подготвен согласно Методологијата за стратешко планирање, Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година како и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот и на Годишниот план за работа, за период од една година, во кој се операционализирани мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на Стратешкиот план.

Министерството за финансии во 2023 година во рамките на своите законски надлежности ќе ги реализира следниве програми со мерки и активности коишто се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2023 година:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- справување со последиците од светската пандемија предизвикана од КОВИД – 19 и други кризи;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- развивање одбранбена политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

За остварување на наведените стратешки приоритети, Министерството за финансии презема мерки што ќе придонесат за реализација на истите дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти;
- одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи;
- реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии;
- зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво;
- унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;

- намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и инвестициите;
- воведување буџетско финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за перформанси);
- квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија;
- одржување професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови;
- ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување преку доставување квалитетна тендерска документација во рамките на ИПА 3;
- заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси и борба против неправилности и измами и
- усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Во Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2023-2025 година и Годишниот план за работа за 2023 година креирани се нови програми и потпрограми, коишто се резултат на Процесот на внатрешна реорганизација на Министерството за финансии која произлегува како обврска од Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година и тоа:

- **ПРОГРАМА: Администрација и поддршка**
  - Потпрограма: Правни работи
  - Потпрограма: Општи работи
  - Потпрограма: Човечки ресурси
  - Потпрограма: Финансиски прашања
  - Потпрограма: Внатрешна ревизија
  - Потпрограма: ИТ технологија и дигитализација
  - Потпрограма: Стратешко планирање
  - Потпрограма: Академија за јавни финансии

- **ПРОГРАМА: Економска политика и развој**
  - Потпрограма: Макроекономски политики
  - Потпрограма: Развојни проекти
  - Потпрограма: Економски форум
  - Потпрограма: Унапредување на фискалната децентрализација
  - Потпрограма: Ефективни инструменти согласно Планот за забрзан економски раст

- **ПРОГРАМА: Буџет, трезор и јавен долг**
  - Потпрограма: Буџети и фондови
  - Потпрограма: Трезор
  - Потпрограма: Управување со јавен долг

- **ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика**
  - Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи
  - Потпрограма: Даночна политика
  - Потпрограма: Царинска политика

- **ПРОГРАМА: Финансиски систем**
  - Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции
  - Потпрограма: Пазар на капитал
  - Потпрограма: Сметководствен систем, платен промет и ревизија
  - Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри
  - Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување

- **ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европска Унија**
  - Потпрограма: Управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА
  - Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)
  - Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција
  - Потпрограма: Меѓународни финансиски односи
  - Потпрограма: Управување со јавни инвестиции

- **ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор**
  - Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола
  - Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор

- **ПРОГРАМА: Управување со државни средства**
  - Потпрограма: Нормативно имотно-правни и облигациони работи
  - Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците

# 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

## А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

| 2.1 ПРОГРАМА: Администрација и поддршка |
|---|
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br>- Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники. |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:** Административна и информатичка поддршка на Министерството за непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки и изготвување акти за канцелариско и архивско работење. |
| **Цел на програмата:** Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктура како и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството и во субјектите со кои истото има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии како и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии. |
| **Показатели за успешност:**<br>- извршени ревизии согласно годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и субјектите со кои Министерството има склучено договори за вршење внатрешна ревизија;<br>- редовно сервисирање на обврските и изработка на Предлог-буџетот на Министерството;<br>- редовно одржување на ИКТ-инфраструктура;<br>- спроведување постапки за јавни набавки;<br>- навремено и квалитетно изготвен Стратешки план, Годишен план за работа, квартални и полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии;<br>- функционална Академија за јавни финансии и број на спроведени обуки и издадени сертификати и лиценци. |

| 2.1.1 ПОТПРОГРАМА: Правни работи | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори | | | | | | | |
| **Показател за успешност:**<br>- реализација на Планот за јавни набавки | | **Појдовна основа:**<br>- реализиран План за јавни набавки за 2022 година | | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- реализација на Планот за јавни набавки за 2023 година | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| | Изготвување Годишен план за јавни набавки за 2023 година | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Спроведување на отпочнатите незавршени постапки за јавни набавки согласно ГПЈН за 2022 година и спроведување на постапките за јавни набавки согласно ГПЈН за 2023 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Изготвување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |

| 2.1.2 ПОТПРОГРАМА: Општи работи | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | | | | | | |
| **Показател за успешност:**<br>- реализиран План за јавни набавки | | **Појдовна основа:**<br>- реализирани активни договори од Планот за јавни набавки за 2022 година | | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- реализирани активни договори од Планот за јавни набавки за 2023 година | | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| | Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки склучени согласно годишните планови за јавни набавки за претходните години и договорите за јавни набавки што ќе се склучат согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Спроведување постапки, склучување договори и следење на реализацијата на договорите чија постапка се спроведува без примена на ЗЈН во 2023 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Следење на реализацијата на договорот склучен со СОЗР за 2023 година и на анекс договорите склучени со посредување на СОЗР во 2023 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |

<table>
<tr><td colspan="8">2.1.3 ПОТПРОГРАМА: Човечки ресурси</td></tr>
<tr><td colspan="8">Цел на потпрограмата: Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успешност:<br>- реализиран Годишен план за вработување<br>- реализиран Годишен план за генерички обуки на административни службеници<br>- реализиран Годишен план за годишни одмори</td><td colspan="3">Појдовна основа:<br>- Годишен план за вработување<br>- Годишен план за генерички обуки на административни службеници<br>- Годишен план за годишни одмори</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>- реализирање на Годишниот план за вработување<br>- реализирање на Годишниот план за генерички обуки на административни службеници<br>- реализирање на Годишниот план за годишни одмори</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Мерки</th><th rowspan="2">Активности</th><th colspan="4">Временска рамка за спроведување</th><th rowspan="2">Финансиски средства</th><th rowspan="2">Организациски облик/лице</th></tr>
<tr><th>Квартал 1</th><th>Квартал 2</th><th>Квартал 3</th><th>Квартал 4</th></tr>
<tr><td></td><td>Изготвување Годишен план за вработување за 2024 година</td><td></td><td></td><td>X</td><td></td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор за управување со човечки ресурси</td></tr>
<tr><td></td><td>Изготвување Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии</td><td></td><td></td><td></td><td>X</td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор за управување со човечки ресурси</td></tr>
<tr><td></td><td>Изготвување Годишен план за годишни одмори во Министерство за финансии</td><td></td><td>X</td><td></td><td></td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор за управување со човечки ресурси</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="8">2.1.4 ПОТПРОГРАМА: Финансиски прашања</td></tr>
<tr><td colspan="8">Цел на потпрограмата: Редовно сервисирање на обврските спрема давателите на услуги</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успешност:<br>- изработен предлог-буџет на Министерството<br>- изработена Завршна сметка на Министерството<br>- реализација на проектот „Купи куќа, купи стан“</td><td colspan="3">Појдовна основа:<br>- реализиран буџет на Министерството од претходната година</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>- редовно сервисирање на обврските<br>- изработка на предлог-буџетот на Министерството за финансии</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Мерки</th><th rowspan="2">Активности</th><th colspan="4">Временска рамка за спроведување</th><th rowspan="2">Финансиски средства</th><th rowspan="2">Организациски облик/лице</th></tr>
<tr><th>Квартал 1</th><th>Квартал 2</th><th>Квартал 3</th><th>Квартал 4</th></tr>
<tr><td></td><td>Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор за финансиски прашања</td></tr>
<tr><td></td><td>Учество во реализација на проектот „Купи куќа, купи стан“</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор за финансиски прашања</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување попис на средствата и изворите на средства на Министерството | X | X | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Завршна сметка на Министерството за финансии | X | X | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | | X | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Изработка на предлог-буџетот на Министерството за финансии | | X | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |

**2.1.5 ПОТПРОГРАМА: Внатрешна ревизија**

**Цел на потпрограмата:** Извршување на функцијата внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите што имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии

| **Показатели за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| - извршени ревизии согласно годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите што имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | - стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија | - реализирање 11 ревизии предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите што имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| | Спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, согласно годишните планови за внатрешна ревизија | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за внатрешна ревизија |
| | Изготвување годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | | X | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за внатрешна ревизија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за внатрешна ревизија |

| **2.1.6 ПОТПРОГРАМА: ИТ технологија и дигитализација** | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктура и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ИСО-стандард/код 27002: 2013 за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите | | |
| **Показатели за успешност:**<br>- редовно одржување на ИКТ-инфраструктура<br>- одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | **Појдовна основа:**<br>- добрите практики на одржување на ИКТ-инфраструктура | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктура како и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| | Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктура во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Имплементација на современ интегриран информациски систем за финансиско управување | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Управување со привилегиран пристап (PAM) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Заштитен ѕид на веб-апликации - WAF | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проверка на сигурноста од пробивање (penetration testing) на надворешната и интерната ИТ-инфраструктура, со што дополнително ќе се провери безбедноста на ИКТ системот | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Целосна надградба и реинженеринг на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Реинженеринг на мрежата на МФ | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Надградба и промена на активната мрежа на WIFI и покривање на подрачните единици со WIFI | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Развој и имплементирање на ИФМИС | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |

**2.1.7 ПОТПРОГРАМА: Стратешко планирање**

**Цел на потпрограмата:** Зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии

| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| - навремено и квалитетно подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии | - Стратешки план за 2023-2025 година<br>- Годишен план за работа за 2023 година | - реализиран Стратешки план за 2023-2025 година<br>- реализиран Годишен план за работа на МФ за 2023 година |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Стратешки план на Министерството за финансии на среден рок | Подготовка на Нацрт-стратешки план на МФ и креирање програми, потпрограми и проекти | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Доставување на Нацрт-стратешкиот план до ГС на Владата на РСМ | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Донесување и објавување на Стратешкиот план на веб-страницата на МФ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Подготовка на Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Годишен план за работа на Министерството за финансии во 2023 година | Подготовка на Годишен план за работа на МФ за наредната година | X | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Донесување и објавување на Годишниот план за работа на веб-страницата на МФ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Следење и известување за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ (периодични извештаи) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2022 година | Подготовка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Доставување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа до ГС на ВРСМ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Објавување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| ПГПРВРСМ за 2024 година | Предлог-иницијативи од МФ за подготовка на Годишната програма за работа на Владата за наредната година | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Следење и ажурирање на Законодавната агенда на Владата за периодот 1.1. - 30.12.2023 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2024 година | Предлог-стратешки приоритети и цели на МФ за подготвување на Одлуката на Владата за наредната година | X | X | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Нов Закон за стратешко планирање | Закон за стратешко планирање и управување со развојот во Република Северна Македонија | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |

| **2.1.8 ПОТПРОГРАМА: Академија за јавни финансии** | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Зајакнување на капацитетите во областа на јавните финансии | | |
| **Показател за успешност:**<br>- функционална Академија за јавни финансии и број на спроведени обуки и издадени сертификати и лиценци | **Појдовна основа:**<br>/ | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- вработени 5-10 лица во Академијата<br>- спроведени обуки<br>- број на издадени сертификати и лиценци |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Академија за јавни финансии | Екипирање и опремување на Академијата за јавни финансии | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии /Работна група |
| | Програмирање, организирање и спроведување обуки и испити | | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |

## 2.2 ПРОГРАМА: Економска политика и развој

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

**Приоритетна цел:**

Задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:**

- административна и информатичка поддршка на макроекономската и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст и унапредување на фискалната децентрализација;
- етапно воведување на буџетското финансирање во неколку пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за перформанси).

**Цел на програмата:**

Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе значи подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија.

**Показатели за успешност:**

Спроведување среднорочно макроекономско сценарио, реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок (4,6% во 2023 година, 3,4% во 2024 година, 3,0% во 2025 година, 3,0% во 2026 година и 2,8% во 2027 година) и задржување на макроекономската стабилност.

<table>
<tr><td colspan="8">2.2.1 ПОТПРОГРАМА: Макроекономски политики</td></tr>
<tr><td colspan="8">Цел на потпрограмата: Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, и координација во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успешност:<br>- краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори<br>- Нацрт-програма на економски реформи 2024-2026</td><td colspan="3">Појдовна основа:<br>- проекции на главните макроекономски индикатори согласно Ревидираната фискална стратегија на Република Северна Македонија 2023-2025 (со изгледи до 2027)</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>- краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори вклучени во Фискалната стратегија 2024-2028<br>- подготвена Нацрт-програма на економски реформи 2024-2026</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Мерки</th><th rowspan="2">Активности</th><th colspan="4">Временска рамка за спроведување</th><th rowspan="2">Финансиски средства</th><th rowspan="2">Организациски облик/лице</th></tr>
<tr><th>Квартал 1</th><th>Квартал 2</th><th>Квартал 3</th><th>Квартал 4</th></tr>
<tr><td>Подготовка на Програма на економски реформи 2024-2026</td><td>Спроведување оценувачка мисија на ЕК за ПЕР 2023-2025 со дискусија за заеднички предлог-заклучоци</td><td>X</td><td></td><td></td><td></td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.2</td><td>Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи</td></tr>
<tr><td></td><td>Економско-финансиски дијалог со ЕУ за ПЕР 2023-2025 и нови заеднички предлог-заклучоци</td><td></td><td>X</td><td></td><td></td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.2</td><td>Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи</td></tr>
<tr><td></td><td>Доставување Информација до Владата на РСМ за Програмата на економски реформи 2024-2026 со Акциски план за реализација на Заедничките заклучоци усвоени на Економско-финансискиот дијалог со ЕУ</td><td></td><td></td><td>X</td><td></td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.2</td><td>Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи</td></tr>
<tr><td></td><td>Собирање, интегрирање, проверка и коригирање на материјалите од надлежните институции и од секторите во МФ</td><td></td><td></td><td>X</td><td>X</td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.2</td><td>Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи</td></tr>
<tr><td></td><td>Работилници со институциите во организација на ЦЕФ-Љубљана за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024-2026</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>Регионален ЕУ проект</td><td>Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2024-2026 | | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи |
| | Доставување на Програмата на економски реформи до заинтересираните страни и пошироката јавност за консултации, како и до ЕСС | | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи |
| | Доставување на Програмата на економски реформи 2024-2026 до Владата на РСМ за усвојување | X(2024) | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи |
| | Доставување на Програмата на економски реформи 2024-2026 до Европската комисија | X(2024) | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој и Национален координатор за подготовка на Програмата на економски реформи |
| Подготовка на Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 год. | Собирање податоци и изработка на полугодишна анализа за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија | | | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој, Сектор за буџет и фондови, Сектор за трезор, Сектор за меѓународни финансиски односи и Сектор за управување со јавен долг |
| | Доставување на Извештајот за извршување на Буџетот на РСМ до Владата на РСМ | | | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој, Сектор за буџет и фондови, Сектор за трезор, Сектор за меѓународни финансиски односи и Сектор за управување со јавен долг |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на информации за тековните економски движења и проекции | Подготовка на среднорочно макроекономско сценарио во рамки на Фискалната стратегија | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |
| | Подготовка на информации за краткорочните месечни економски движења и Статистички преглед на Министерството за финансии | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |
| | Подготовка на квартални економски извештаи | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |
| | Редовно следење на остварувањето на макроекономските показатели по сектори и подготовка на кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |
| | Зајакнување на капацитетите за макроекономско моделирање и проектирање и унапредување на базата на макроекономски податоци во рамки на проекти на ЕУ, Швајцарска влада и Светска банка | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |
| Активно учество во работните групи за Поглавје 2 - Економски критериуми и Поглавје 3.17 - Економска и монетарна унија во рамки на НПАА | Активно учество во работните групи за Поглавје 2 - Економски критериуми | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |
| | Активно учество во работните групи за Поглавје 3.17 - Економска и монетарна унија во рамки на НПАА | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.2 | Сектор за економска политика и развој |

| **2.2.2 ПОТПРОГРАМА: Развојни проекти** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | | | | | | |
| **Показател за успешност:**<br>- реализирани обуки преку меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | **Појдовна основа:**<br>- реализирани обуки преку меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | | | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- реализирани обуки преку меѓународни проекти за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Развојни проекти | Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор | 400.000 | 1.100.000 | 1.600.000 | 1.700.000 | 4.800.000 € | МСИП - проектна единица |
| | ИПА проект „Зајакнување на внатрешниот пазар“ | X | | | | 200.000 € | Сектор за финансиски систем |
| | ИПА-Твининг проект МК 18 IPA FI 01 19 „Зајакнување на функциите на буџетското планирање, извршување и внатрешна контрола“ | X | X | X | X | 1.233.333,00 € | Сектор за буџети и фондови, Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, Биро за јавни набавки |
| | ИФМИС (Интегриран информациски систем за финансиско управување) | X | X | X | X | / | МФ, УЈП, Царинска управа, фондови, буџетски корисници, ЕЛС, НБРСМ, КИБС и деловни банки |

<table>
<tr><td colspan="3">2.2.3 ПОТПРОГРАМА: Економски форум</td></tr>
<tr><td colspan="3">Цел на потпрограмата: Зголемување на транспарентноста и инклузивноста на повеќе релевантни чинители во подготовката на стратешките документи во доменот на јавните финансии, а особено во контекст на подготовката на Буџетот на Република Северна Македонија за следната фискална година<br>Размена на идеи и искуства во однос на глобалните, регионалните и националните перспективи за закрепнување и забрзан економски раст, соодветно и искуства на дефинирана тема на конференција помеѓу владини претставници и експерти од земјата и регионот</td></tr>
